Уп. Бр.08-139/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено на Групација Арицома а.с. (Aricoma Group a.s.), со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10 Република Чешка (Vinohradska 1511/230, 100 00 Prague 10, Czech Republic),, преку полномошник Татјана Поповски Булоски, адвокат од Адвокатско друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 15.11.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на целосна контрола од Групација Арицома а.с. (Aricoma Group a.s.), со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10 Република Чешка (Vinohradska 1511/230, 100 00 Prague 10, Czech Republic) врз Сабрис схаред сервицес с.р.о. ( Sabris Shared Services s.r.o.), со седиште на Пекаржска 621/7, Јинонице, 155 00 Прага 5 , Република Чешка (Pekařská 621/7, Jinonice, 155 00 Praha 5, Czech Republic), и со одреден ИТ бизнис - SAP бизнис од Сабрис ЦЗ с.р.о.(Sabris CZ s.r.o) со седиште на Пекаржска 621/7, Јинонице, 155 00 Прага 5 , Република Чешка (Pekařská 621/7, Jinonice, 155 00 Praha 5, Czech Republic), иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 14.10.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Групација Арицома а.с. (Aricoma Group a.s.), со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10 Република Чешка (Vinohradska 1511/230, 100 00 Prague 10, Czech Republic), со која Групација Арицома а.с. ќе стекне целосна контрола врз Сабрис схаред сервицес с.р.о. ( Sabris Shared Services s.r.o.), со седиште на Пекаржска 621/7, Јинонице, 155 00 Прага 5 , Република Чешка (Pekařská 621/7, Jinonice, 155 00 Praha 5, Czech Republic), и со одреден ИТ бизнис - SAP бизнис од Сабрис ЦЗ с.р.о. (Sabris CZ s.r.o) со седиште на Пекаржска 621/7, Јинонице, 155 00 Прага 5 , Република Чешка (Pekařská 621/7, Jinonice, 155 00 Praha 5, Czech Republic).

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди

следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Групација Арикома а.с. е холдинг компанија која управува со удели во своите ќерки компании - особено Autocont a.s. и Cleverlance Group a.s., AEC a.s.. Autocont се фокусира на имплементација на проекти на големи претпријатија и големи клиенти, имплементација и поддршка на деловните информациски системи на Microsoft Dynamics и обезбедува ИТ инфраструктура, корпоративни апликации, поддршка за деловни процеси, грижа за корисници и ИТ безбедност. Cleverlance Group a.s. е активна преку својата подружница Cleverlance Enterprise Solutions која работи во полето на развој на софтвер по нарачка на клиентите. AEC a.s. обезбедува безбедносни технологии, безбедносна проценка, услуги за сајбер одбрана и советодавни услуги за GDPR/усогласеност. Тие се компании која припаѓаат на ККЦГ Групацијата.

ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, нафта и гас, недвижности, индустрии и паметни технологии. Групацијата менаџира со повеќе од 30 компании во 18 држави во светот.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Сеавус ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Сеавус едукативен центар и развој ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место.

Сабрис схаред сервицес с.р.о. се занимава со обезбедување на услуги поврзани со имплементација на SAP услуги на клиентите. Преку предметното средство, Сабрис ЦЗ с.р.о. се занимава со имплементација на SAP и управување со содржина на претпријатија за клиенти од автомобилската индустрија, малопродажбата и логистиката и процесната индустрија.
По преземање на **Сабрис схаред сервицес с.р.о.,** од страна на Арицома а.с., **Сабрис схаред сервицес с.р.о.,** би стекнал одреден ИТ бизнис - САП бизнис од Сабрис ЦЗ с.р.о.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**